ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:** 04-784/13
**Датум:** 21.04.2022

Врз основа на член 9 став (1) точка 12 од Закон за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/2010, 145/2010, 12/2014, 43/2014, 154/15, 192/15, 27/2016 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21) и член 8 став 13 од Колективниот договор за вработените во Државниот завод за ревизија број 01-690/1 од 03.06.2021 година, а во врска со Извештај број 04-877/2 од 20.04.2022 година за спроведена селекција за унапредување на државен ревизор за работно место Самостоен ревизор за ревизија на субјектите од законодавната, извршната власт, претседателот, Буџетот на РСМ и правобранителството, донесен од Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение заведено под број 04-877/1 од 13.04.2022 година, по објавен Интерен оглас за унапредување заверен под број 04-784/2 од 30.03.2022 година година, Главниот државен ревизор донесе:

## ОДЛУКА

**За избор на кандидат за унапредување на работно место Самостоен ревизор за ревизија на субјектите од законодавната, извршната власт, претседателот, Буџетот на РСМ и правобранителството со шифра на работно место РЕВ 01 01 В01 001**

1. По спроведената постапка за селекција за унапредување на еден кандидат на работно место **Самостоен ревизор за ревизија на субјектите од законодавната, извршната власт, претседателот, Буџетот на РСМ и правобранителството со шифра на работно место РЕВ 01 01 В01 001**, по Интерен оглас заведен под број 04-784/2 од 30.03.2022 година година, се избира кандидатот Јулија Таковска.

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата се објавува на интернет страницата на Државниот завод за ревизија и на огласната табла на Државниот завод за ревизија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со реализација на Годишниот план за вработување за 2022 година на Државниот завод за ревизија и претходно добиено Известување за обезбедени средства во буџетот на Државниот завод за ревизија за унапредување број 18-1636/2 од 11.02.2022 година, објавен е Интерен оглас за унапредување заверен под 04-784/2 од 30.03.2022 година година, за унапредување на еден кандидат на работно место Самостоен ревизор за ревизија на субјектите од законодавната, извршната власт, претседателот, Буџетот на РСМ и правобранителството со шифра на работно место РЕВ 01 01 В01 001.

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

Согласно Извештај број 04-877/2 од 20.04.2022 година за спроведена селекција за унапредување на државен ревизор за работно место Самостоен ревизор за ревизија на субјектите од законодавната, извршната власт, претседателот, Буџетот на РСМ и правобранителството, донесен од Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение заведено под број 04-877/1 од 13.04.2022 година за работното место за кое е објавен интерниот оглас, вработената Јулија Таковска, која ги исполнувала општите и посебните услови за работното место, и ги дала потребните одговори на поставените прашања на интервјуто одржано на 19.04.2022 и 20.04.2022 година, по што Комисијата поднесе предлог до Главниот државен ревизор за донесување Одлука за избор на вработената Јулија Таковска за унапредување на наведеното работно место.

Во согласност со член 8 став 13 од Колективниот договор за вработените во Државниот завод за ревизија, Главниот државен ревизор ја донесе оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација – Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во Втор степен, во рок од 8 (осум) дена сметано од денот на доставување на Одлуката до кандидатите и објава на веб страната на Државниот завод за ревизија .

Главен државен ревизор,

М-р Максим Ацевски

Изработил: М-р Весна Богдановиќ
Одобрил: М-р Александар Поповски